ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Врз основа на член 23, став 1, точка 10 од Законот за јавни набавки, АД за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија" - Скопје, во државна сопственост, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр. 01-17/2022**
**за прибирање на понуди за набавка на**
**јаглен за потребите на РЕК Битола**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Купувач по јавен повик бр. **01-17/2022** е А.Д."Електрани на Северна Македонија" - Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври бр.9, Скопје.

1.2 **Предметот на набавка е : Јаглен (лигнит), за потребите на РЕК Битола**

1.3 **Вид на постапка :** Јавен повик, без примена на Законот за Јавни набавки согласно Член 23 став 10 од истиот.

1.3.1 Огласот е јавен, со право на учество на сите домашни и странски правни лица.

1.3.2 Постапката ќе се спроведува преку отворен систем на понуди што значи, секој заинтересиран економски оператор е слободен, во секое време за траењето на системот, да достави своја понуда, користејќи ги обрасците- документите изготвени од АД ЕСМ, за секоја поединечно доставена понуда.

1.3.3 Траење на отворениот систем на понуди: до исполнување на средствата предвидени за оваа набавка или до 31.03.2023година (до овој рок може да се доставуваат понуди) зависно од тоа кој услов побрзо ќе се исполни.

1.3.4 Текстот на овој Повик покрај еднодневната објава во печатени јавни гласила, ќе биде достапен и на web страната на АД ЕСМ, заедно со ТД, за целовреметраење на отворениот систем.

## 2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА

2.1 Количините за набавката се : вкупно цца 600.000 тони за РЕК Битола

2.2 Количините се ориентациони и не се обврзувачки за АД ЕСМ. Стварно набавените количини ќе зависат од квалитетот на јагленот и средствата предвидени за оваа набавка.

2.3 Минималната количина која може да се понуди е дадено во тендерска документација.

2.4 Деталите околу оваа набавка се содржани во Тендерската документација

## 3 ПОДИГАЊЕ ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

3.1 Тендерската документација, заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат на следниот линк: www.esm.com.mk / јавни набавки / јавен повик број 01-17/2022 за набавка на јаглен

3.2 Контакти:
blagica.markovik@elem.com.mk 02/3149-126
nikola.stojanovski@elem.com.mk 02/3149-127; моб.: 070 - 274-296
emil.pecakov@elem.com.mk 02/3149-258 ; моб. 075-53 23 02

## 4 ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

4.1. Документацијата која понудувачите ја доставуваат, дефинирана е во тендерската документација.

## 5 НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРВИЧНИ ПОНУДИ

5.1 Понудувачите своите првични понуди треба да ги доставуваат на следната адреса АД "Електрани на Северна Македонија", ул. 11 Октомври бр.9, Скопје.
5.2 Понудата се доставува во затворен коверт со назнака "не отварај", понуда по " јавен повик за набавка на јаглен – лигнит за РЕК Битола, со повикување на бројот на повикот.
5.3 Понудата се доставува преку пошта или во архивата на Купувачот.

## 6 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6.1.Понуди кои кои не се изработени според барањата од Тендерската документација , како и оние кои немаат целокупна документација која се бара, нема да се разгледуваат.

**Комисија за јавни набавки**
**Претседател: Никола Стојановски**